## ОДРЖЛИВОСТ

Активностите во рамките на проектот беа спроведени во согласност со потребите на корисникот преку партнерски приод со сите вклучени клучни актери кои работат на мониторинг и евалуација на политиката за вработување.

Високото ниво на посветеност и мотивација на учесниците во обуките и другите активности придонесе кон креирање цврста основа за одржливост. Вклученоста на целните групи во обуките, работните групи, фокус групите и сеопфатната поддршка на работното место создадоа сопственост врз аутпутите од проектот, што е предуслов за одржливост на проектните резултати. Креираниот систем за мониторинг и евалуација, прирачниците, насоките и методологиите ќе им пружат поддршка на персоналот за имплементирање на нивните обврски во согласност со процедурите подтавени во системот за M&E и ќе ја подобрат ефикасноста и ефективноста на проектот.

Техничките капацитети на Министерството за труд и социјална политика и другите клучни актери, вклучувајќи ги и социјалните партнери, за мониторинг за и евалуација на политиките и програмите беа значително подобрени на централно и локално ниво преку серија обуки и работилници.

## ОБУКА

**Околу 100 учесници** успешно ги завршија програмите за обука по мерка. Тие се обучуваа за општи и конкретни теми од сферата на мониторингот и евалуацијата, за разбирање, креирање и пресметување на индикатори во рамките на насоките од НАПВ, за обработка на избрани ЕМСО индикатори базирани врз JAF, за имплементација на прирачникот за мониторинг на НАПВ за МТСП и МОН, анализа за трошоците и бенефициите, формулирање на прашања за евалуација и правење нацрт-план за евалуација, напредни ИТ техники користени **за време на реализација на Програмата за практикантство 2011** (анкета за евалуација и креирање на онлајн прашалник), обука за како да се читаат, толкуваат и користат резултатите од евалуацијата и евалуации за исход, итн.

Осум краткорочни експерти дадоа сеопфатна поддршка на работното места за персоналот најчесто на оперативно ниво при имплементирањето на проектните активности. Интерните обуки за персоналот на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенцијата за вработување, Народна банка, социјалните партнери и на оперативно и на менаџерско ниво придонесоа за подобрување на вештините и способностите за мониторинг и евалуација на политиката за вработување.




**Улогата на социјалните партнери во мониторингот и евалуацијата** на политиката за вработување беше значително зајакната и беше зголемено нивното влијание врз вработувањето и економската и социјалната кохезија. Преку серија на обуки по мерка беа подобрени нивните вештини за сумирање на сугестиите, преговори и градење сопствено мислење за нивниот придонес кон мониторингот и евалуацијата на политиката за вработување.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Информациите содржани во оваа публикација не секогаш ја одразуваат позиција или мислењето на Европската комисија



Твининг проектот **„Поддршка на националната политика за вработување"** се стреми кон развивање капацитети за долгорочно прогнозирање на пазарот на труд и градење капацитети за мониторинг и евалуација на политиката за вработување

# КОМПОНЕНТА 2

**Подобрување на капацитетите и вештините на телата, институциите и социјалните партнери во мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите за вработување**

## СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ

Беше реализирана темелна проценка на квалитетот на постоечкиот систем за мониторинг и евалуација на политиките за вработување.




- Беа идентификувани потребите и предизвиците на системот за мониторинг и евалуација на политиките за вработување во согласност со побарувањата на ЕУ
- Беше дизајнирана архитектурата ба системот за мониторинг и евалуација која ја одразува изводливоста на решенијата и нивните функционалности

## СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Беше поставен стабилен систем за мониторинг и беше потполно ставен во функција




Беше развиен **модел кој ја опишува структурата и основните елементи на системот за мониторинг** како и методологијата за неговата имплементација, и тие беа ставени во функција. Тој служи како методичка алатка за поддршка на институциите (персоналот на надлежните министерства, социјалните партнери, донесувачите на одлуки, експертите за пазарот на труд, аналитичарите и администраторите) и другите клучни актери вклучени во програмирањето и имплементацијата на политиката за вработување.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Информациите содржани во оваа публикација не секогаш ја одразуваат позиција или мислењето на Европската комисија



Програма на Европската Унија
**ИПА Компонента IV**
Развој на човечки ресурси

## РЕЗУЛТАТИ

Беа креирани прирачници и упатства за конкретните процедури за мониторинг и вклучени во интерните документи.

- **Упатство за JAF и EMCO индикатори** – креирано со цел да се воведат процедурите за JAF како алатка која ќе стане дел од националниот систем за мониторинг – Стратешки мониторинг – кој дозволува да се идентификуваат главните предизвици и да се проценат политиката за вработување во Македонија наспроти Европските насоки од Европа 2020.




- **Прирачник за процедурите за мониторинг на НАПВ** – беше направен нацрт врз основа на имплементацијата на Националниот акционен план за вработување. Беше воведен оперативен мониторинг врз основа на аутпут индикаторите и индикаторите за исход за секоја од мерките од НАПВ. Вработените во МТСП, АВРМ и социјалните партнери добија голема поддршка за време на обуките при проценката, ревизијата и дизајнирањето на аутпут индикаторите и индикаторите за исход преку насоките 7-10 од НАПВ. Понатаму, системот за мониторинг беше подобрен преку користење на унифициран инструмент за собирање на неопходните информации на систематичен начин за следење и проценка на напредокот при имплементацијата на НАПВ (Кохерентни табели за мониторинг).
- **Прирачник за насоките за вработување** – беше креиран да послужи како прецизно водство за ЗК кон дефинирање на приоритетите и имплементирањето реформи за поддршка на вработувањето, продуктивноста и социјалната кохезија во согласност со политичката стратегија на Европската Унија.



| | A | B | C | D | E | F |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | (1) Absolute | | (2) Absolute | (3) % of key indicator1 | (3) % of key indicator2 |
| 2 | Key indicator Employability (Absolute number of planned change of the key indicator) | | | | 12 900 | |
| 3 | | (1) Absolute | (1a) Weight | (2) Absolute | (3a) % of key | (3b) % of key |
| 4 | OUTPUTS EMPLOYABILITY (abs.Benchm. p.y.) | | | 12 900 | | |
| 5 | 9-1.2. Replacing the existing equipment and equipping new laboratories on the universities and scientific and research institutions (no output) | 0 | 0,005 | | | |
| 6 | 9-1.4. Support to the modernization of the education and training system (fig planned 2011, double counting, see 9-1.4) | 25632,5 | 0,005 | 128,2 | 1% | |
| 7 | 9-1.5. Equipping the schools for 3-year vocational education (fig planned 2011; double counting, see 9-1.4) | 25632,5 | 0,1 | 2563,3 | 20% | |
| 8 | 9-1.6. Support to the integration of the ethnic communities in the education system | 600 | 0,5 | 300,0 | 2% | |
| 9 | 9-2.1. Programs cooperation | 3649 | 0,3 | 1094,7 | 8% | |

- Имајќи ја во предвид **Архитектурата на Европа 2020 и Препораките кон политиките за идните политики**, беа формулирани стратегии за понатамошно подобрување на АППТ и образовни политики, и беа поддржани аналитичките капацитети на персоналот од Министерството во однос на формулирањето и правењето нацрт стратешки документи за политиката за вработување.


Овој проект е финансиран од Европската Унија

Информациите содржани во оваа публикација не секогаш ја одразуваат позиција или мислењето на Европската комисија




## СИСТЕМ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Беше креиран модел кој ја опишува структурата на основните елементи на системот за евалуација и отсликан во нова институционална рамката




- **Прирачник за процедурите за евалуација** – беше креиран и беше дадена поддршка на персоналот од МТСП за управување со процесот на евалуација со цел да се гарантира релевантноста и корисноста на иницијативите за евалуација. Беше дадена поддршка на 15 членови на работната група да го промовираат партнерскиот принцип во сите фази на евалуацијата преку практична примена вклучување на клучните актери во текот на целиот циклус за евалуација.




- **Прирачник за евалуација за исход од мерките за АМПТ** беше креиран со цел да им даде на корисниците опис на процедурите за време на различни стадиуми од процесот на евалуација – подготовка, информирање, имплементација, обработка и известување користејќи ја рамката од практичната вежба за евалуација на Програмата за практикантство 2011. Капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување беа поддржани за организација и имплементација на вежбата за евалуација и значително беа подобрени вештините за евалуација на 14 учесници за управување и реализирање на евалуации.
- **Список и опис на избрани методи за евалуација** – нацрт верзија, која дава преглед на најрелевантните методи за евалуација вклучувајќи ги нивните силни страни и практични совети за нивна селекција; практичната обука за методите за евалуација придонесе за стекнување практично искуство за насочување на персоналот на министерството кон селекција на методи и техники кои го одразуваат програмскиот контекст и дизајнот на евалуацијата.
- **Планот за евалуација (2013 – 2015)** беше дизајниран како заедничка рамка за иницијативи од сферата на евалуација на политиката за вработување и беше дадена поддршка на Министерството и клучните актери за елаборирање, ажурирање и имплементација на Планот за евалуација. Тој служи како алатка за планирање која ќе ги поддржи напорите за евалуација на Министерството за труд и социјална политика и клучните актери во периодот 2013-2015.








Овој проект е финансиран од Европската Унија

Информациите содржани во оваа публикација не секогаш ја одразуваат позиција или мислењето на Европската комисија